# ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## Министерство за образование и наука

# КВАЛИТЕТ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

- Декември 2023 година – реализирано е унапредување на мрежната инфраструктура во 40 основни училишта (инсталирани мрежни уреди, свичови, уреди за безбедност на мрежи и уреди за непрекинато напојување),

✓ 23.782 ученици и 3126 наставници опфатени

- Март 2024 година потпишан е нов договор за нови 35 училишта (активностите ќе завршат до јули 2024)







# Квалитет во основното образование

- Февруари 2024 година - Дигитализирани и ставени во употреба дигиталните учебници за 4-то, 5-то и 6-то одделение
- ✓ Поставени на стабилна платформа nastava.mk
- ✓ - Оваа активност покри 61 789 ученици.

- Април 2024 година - утврдени се наставните програми за осмо одделение за сите наставни предмети согласно Концепцијата за основно образование
- ✓ 19 задолжителни наставни предмети,

- Април 2024 година потпишани договори за мали реновирања во 40 основни училишта (реновирање на тоалети и пристапни рампи во 4 училишта)

# Квалитет во основното образование

- Ревизија на рамката на индикатори за квалитет на училиштата:

✓ Во рамки на проектот со Светска банка изготвени се водичи/прирачници за:

➢ Самоевалуација на училиштата

➢ Развојно планирање на училиштата

➢ Оперативен прирачник за грант програма

✓ Обучени се 48 претставници од 11 пилот училишта за:

- Новата рамка за интегрална евалуација
- Процесот на спроведување на самоевалуацијата на училиштата и развојното планирање
- Апликација за грант и пилотирање на целиот процес

# Квалитет на основното образование

- ✓ Обучени се 25 претставници од пилот училиштата за спроведување на обуки за самоевалуација и развојно планирање за основните училишта
- ✓ Заклучно со април 2024  обучени се 504 учесници од 252 основни училишта (од 6 региони) за новата рамка за евалуација на квалитетот на училиштата (директори и претставници на стручна служба)
- ✓ Обучени се и за улогата на директорот во процесот на оптимизација на училишната мрежа (соработка со УНИЦЕФ)
- ✓ Ноември 2023 –потпишани договори за грантови за 11 основни училишта (вредност околу 10.000 евра) за реализација на активностите од ревидираните развојни програми

# Обуки за наставници и стручни соработници

- Ноември 2023 – обука за користење на алатката TEACH- за советниците од БРО и инспекторите, и воедно обука за обучувачи со цел сертифицираните советници да ги обучат колегите,

- Обучени 686 стручни соработници за управување со менструалното здравје и хигиена,

- Во 2024 година започнаа подготовки за реализација на трет циклус на акредитирани обуки за наставниците и стручните соработници од основните училишта.

✓ Наставниците и стручните соработници направија избор од Каталозите на акредитирани обуки за тема која имаат потреба да ја следат.

- Бирото за развој на образованието склучи договори со акредитираните понудувачи на услуги и обуките ќе се реализираат во периодот јуни-август 2024 година.

# Државно тестирање

- Октомври 2023 година Државниот испитен центар го спроведе претестирањето во петто одделение во рамките на државното тестирање.
- Март и април 2024 година беа избрани задачите за главното тестирање во петто одделение по мајчин јазик (македонски јазик и албански јазик) и математика (на македонски јазик и на албански јазик) што ќе се спроведе во јуни 2024 година на примерок од околу 3000 ученици.
- Октомври 2023 година беше одржана обука за околу 30 наставници од основното образование за идентификација на нивоата на постигања врз основа на добиените резултати од тестирањето од трето одделение(2022).
- Декември 2023 година е подготвен главниот извештај за постигањата на учениците од трето одделение по мајчин јазик (македонски јазик и албански јазик) и математика (на македонски јазик и на албански јазик) и беше претставен пред претставници од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Педагошката служба, Светската банка, Канцеларијата на Европската Унија во РСМ и УНИЦЕФ, како и пред наставници од сите нивоа на образование.

# Меѓународни тестирања

- до мај 2024 година Државниот испитен центар ги спроведе сите планирани активности за меѓународните тестирањата од големи размери во кои учествува Република Северна Македонија (PISA, TIMSS, TALIS и PIRLS), согласно роковите предвидени од меѓународните организации кои ги организираат тестирањата (OECD и IEA).
- Во периодот февруари – март 2024 година беше спроведено главната студија за ТАЛИС 2024 година на примерок од 200 директори и околу 4000 наставници од 150 основни училишта.
  - ✓ Во тек е прочистување на податоците.
- Во тек е тестирањето (април-мај 2024) за лонгитудилната TIMSS 2023 студија на примерок од 4600 ученици од петто одделение од 150 основни училишта.
  - Податоците од главното тестирање за ТИМСС 2023 (спроведено во април – мај 2023 година) се испратени до IEA каде е во тек анализата на податоците.
  - Во тек се и првичните активности за ПИРЛС 2026, односно пишување задачи за новоизбраните текстови со кои се мери способноста за читање со разбирање кај учениците на 9-10 годишна возраст.
  - декември 2023 – март 2024 година беше подготвен првичниот извештај за резултатите од ПИСА 2022 и истиот беше презентирани пред претставници од Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат и Бирото за развој на образованието.
  - Во тек е подготовка на националниот извештај со детални резултати за постигањата на учениците во ПИСА 2022. Исто така, во тек се и подготовките за пробното тестирање за ПИСА 2025 што ќе се спроведе во септември – октомври 2025 година.

# Унапредување на менталното здравје во образовен контекст

- Студијата за однесувањето поврзано со здравјето кај децата од училишна возраст (HBSC – Health Behaviour in School Aged Children Study) – од 2022 укажува на фактот дека задоволството од животот кај младите е во загрижувачко опаѓање со возраста, со тренд на опаѓање низ три истражувачки циклуси од 2014 до 2022, во истата насока на меѓу-родовите и меѓу-возрасните разлики, забележани во 2022 година. За таа цел се подготвува Национален акциски план за менталното здравје и психосоцијалната добросостојба на децата и адолесцентите (УНИЦЕФ И СЗО)
- Акцискиот план се сосредоточува на четири области што се клучни за обезбедување ефективен систем на грижа за децата и се обидува да создаде ново, заедничко разбирање за улогите на здравствениот, образовниот и социјалниот сектор во промовирањето и поддршката на менталното здравје и добросостојба на децата и на адолесцентите:
- 1. Здравство
- 2. Образование
- 3. Социјални услуги
- 4. Меѓусекторска хоризонтална соработка



Благодарам на вниманието!